Gmail

Bashkim Murtezi <bashkimm70@gmail.com>

## Барање за пристап до информации од јавен карактер

1 message

**Aleksandra Jovevska** <aleksandra@idscs.org.mk> Thu, Jul 6, 2023 at 10:22 AM
To: bashkimm70@gmail.com, kontakt@alternativa.mk
Cc: Vlora Rechica <vlora@idscs.org.mk>

Почитувани,

Институт за демократија спроведува студија која се однесува на *Учеството на жените од немнозинските заедници во политичкиот и јавниот живот,* со фокус на условите и нивоата на нивна вклученост во државната управа и партиското раководство.

Оттука, за потребите на ова истражување, го доставуваме до вас барањето во прилог, како Иматели на информации од јавен карактер (врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) и ве замолуваме да ни ги доставите наведените информации.

Доколку имате дополнителни прашања ве молиме контактирајте не.

Со почит,

Александра Јовевска Ѓорѓевиќ

--

Александра Јовевска Ѓорѓевиќ
Истражувач
Институт за Демократија ИДСЦС
Мирослав Крлежа бр. 52/1
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +389 2 3094 760
моб: +389 78 321 667
http://idscs.org.mk
http://facebook.com/idscs

Aleksandra Jovevska Gjorgjevikj
Researcher
Institute for Democracy IDSCS
Miroslav Krleza no.52/1
1000 Skopje Macedonia
tel/fax: +389 2 3094 760
mob: +389 78 321 667

http://idscs.org.mk
http://facebook.com/idscs

---

**Alternativa-Baranje za sloboden pristap do informacii od javen karakter.pdf**
204K

**До: Алтернатива**
**(имател на информацијата - назив на политичка партија)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, Ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 52/2 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел: +38978321667, aleksandra@idscs.org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Марко Трошановски, претседател, Ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 52/2 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел: +38923094760, contact@idscs.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1. Колку жени членки има вашата политичка партија.**
**2. Колку од жените се на раководни позиции во рамките на политичката партија.**
**3. Дали вашата политичка партија има план/стратегија или друг акт за работа со жените (за нивна мобилизација, унапредување на нивните права, унапредување на нивната позиција во политичката/социјалната сфера на државата и слично).**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 06.07.2023 година** ____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Политичка Партија АЛТЕРНАТИВА Скопје
Partija Politike ALTERNATIVA Shkup
bul. Krste Misirkov nr.11-1/lok.68A, 1000 Shkup-Çair
*htpp||www.alternativa.mk, e-mail:kontakt@alternativa.mk*

Политичка партија - Partia politike
АЛТЕРНАТИВА - ALTERNATIVA
Бр.-Nr. 03-56/0723
11.07. 2023 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РСМ бр.101/2019), постапувајќи по Барање информација од јавен карактер од барателот Институт за Демократија (ИДСЦС) Скопје, поднесено на 06.07.2023 година, имателот на информацијата Политичка Партија Алтернатива Скопје го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од Институт за Демократија (ИДСЦС) Скопје, поднесено на 06.07.2023 година по предметот Барање на пристап до информации од јавен карактер:

1. *Колку жени членки има вашата политичка партија.*
2. *Колку од жените се на раководни позиции во рамките на политичката партија*
3. *Дали вашата политичка партија има план/стратегија или друг акт за работа со жените (за нивна мобилизација, унапредување на нивните права, унапредување на нивната позиција во политичката/социјалната сфера на државата и слично).*

**Се УВАЖУВА.**

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Институт за Демократија (ИДСЦС) Скопје, ул. Мирослав Крлежа бр.52/2, имателот на информацијата Политичка Партија Алтернатива

Ви ги доставува информациите:

1. Нашата партија е во изработка на платформа (дата база) за регистрација на своето членство и поради тоа нема податок за бројот на жени членки.

2. Сите партиски орган имаат обврска и тоа се почитува, во сите органи жените да бидат преставени со минимум 30%.

3. Со цел на мобилизација и зголемување на преставувањето на жените во политичко/социалниот живот, ова година партијата ги
   - формираше ограноците на Форумот на жените,
   - одржа Конвенција со избор на претседателка на Форумот на Жените
   - Организираше и одржа работилница – Академија од неколку модули со Тема: АЛТЕРНАТИВА ЗА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКА

Политичка Партија АЛТЕРНАТИВА Скопје
Partija Politike ALTERNATIVA Shkup
bul. Krste Misirkov nr.11-1/lok.68A, 1000 Shkup-Çair
*htpp||www.alternativa.mk, e-mail:kontakt@alternativa.mk*

- Организираше средба за дружење и размена на искуства и лични примероци со бивши и актуелни политичарки и пратенички од земјава и регионот.
- На ФЖ и се дадени насоки и овластувања за планирање и организација на други активности, обуки, се со цел на поголема мобилизација на жените.
- Инаку изработена посебна стратегија нема!

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Политичка Партија Алтернатива во рок од 7 дена од приемот на Решението или до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Решено во Политичка Партија Алтернатива на ден 11.07.2023 година**, под бр. 03-56/0723.

Скопје, 11.07.2023

Политичка Партија Алтернатива

---

Башким Муртези – одговорно лице